09-613/1
02-02-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 09-1591/1 од 27.05.2025 година оформен против службеното лице ----------, член на Советот на Општина ---------, СЕ ЗАПИРА поради тоа што не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и постоење на судир на интереси кај службеното лице.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапката по предметот со број 09-1591/1 од 27.05.2025 година е започната по сопствена иницијатива, врз основа на членот 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по допрен глас преку медиумите дека службеното лице --------, член на Советот на Општина --------- и заменик градоначалник поседувал решение за реконстукција на покрив на деловен објект во -------------, но без одобрение за градба почнал да доградува кат над приземјето од објектот. Постапката е започната заради утврдување на постоење на судир на интереси во постапката за издавање на решение за реконструкција или доградба на објект, додека во однос на бесправно изградената градба се започнати предистражни дејствија од надлежното јавно обвинителство.

Државната комисија заради правилно утврдување на фактичката состојба побара податоци и информации од Општина ------------ и врз основа на добиениот одговор со прилог документација, го утврди следното:

Лицето ----------- поднело Барање за реконструкција до Општина ---------да му се одобри реконструкција на објект/дел од објект Станбено –деловен објект кој се наоѓа на ул.Браќа

Ламески бр.34, ----------. На истиот како инвеститор со Решение за реконструкција со бр.10-1572/7 од 29.08.2024 година, донесено од Градоначалникот на Општина --------, му била одобрена реконструкција на кров на објект бр.1 на КП 13886 КО -------, согласно Основен проект со технички број 17/24 година од март 2024 година, изработен од Друштво за градежништво, трговија и и проектирање на Петар Ивановски "ПЕРКАН ПРОЕКТ" ДООЕЛ --------. Решението е донесено согласно со член 58 став (2), а во врска со член 97 став (7) од Законот за градење, во врска со член 87 став (1) и член 88 од Законот за општата управна постапка.

При извршен инспекциски надзор од страна на градежната инспекција при Општина ------, за што бил составен Записник број ИП26-35 од 09.04.2025 година, констатирано е дека изградбата на надградба на деловниот објект со спратност приземје со површина од 255 м2 била во тек и дека надградбата се градела без одобрение за градење. По извршениот инспекциски надзор Градежната инспекција при Општина ------, донела Решение број ИП1 26-35 од 09.04.2025 година со кое се наредува на инвеститорот ---------- да ја отстрани градбата - надградба на деловен објект со спратност-приземје, со површина на приземјето од 255 м2, што се гради на КП 13886 КО Прилеп, на ул.Браќа Ламески бр.34.

По извршената анализа на доставената документација Државната комисија констатира дека Решението за реконструкција на градба било донесено од градоначалникот на општината. Имено, согласно со член 58 став (2) од Законот за градење: „Градбите од втора категорија од членот 57 на овој закон се градби од локално значење и одобрение за градење издава градоначалникот на општината, односно градоначалниците на општините во градот Скопје." Оттука издавањето на предметното одобрение е во надлежност на градоначалникот, а не во надлежност на Советот на општина ---------------, чиј член е барателот на одобрение службеното лице ------------. Од таа причина, не постои состојба на судир на интереси при донесувањето на решението за реконструкција.

Согласно со член 52 од Статутот на Општина ------------- („Службен гласник" број 6 од 16 Јули 2003 год.): „За време на спреченост или отсуство до 6 месеци, градоначалникот го заменува член на советот на општината, кој го назначува градоначалникот. Во рок од 30 дена од денот на преземањето на функцијата, градоначалникот е должен со решение да го определи членот на Советот, кој би го заменувал. Решението од став 2 на овој член се објавува во "Службен гласник на Општина -------". За денот на настанувањето на спреченоста или отсуството, градоначалникот го информира претседателот на советот. На членот на советот му мирува функцијата член на совет, за времето додека го заменува градоначалникот."

Во конкретниот случај, во моментот кога службеното лице --------, член на Советот на Општина --------, поднел барање за реконструкција, истото било разгледано и за него било издадено решение од страна на градоначалникот на Општина ---------. Од наведеното произлегува дека во тој период службеното лице ---------- не го заменувал градоначалникот, бидејќи, согласно Статутот на Општината, таква должност би вршел исклучиво во случај на спреченост или отсуство на градоначалникот во траење до шест месеци.

Врз основа на сето погоре наведено, Државната комисија констатира дека во конкретниот случај не постои прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, кои се однесуваат на пријавување и постапување во ситуации на судир на интереси кај службените лица, како и дека не настанал судир на интереси во смисла на членот 2 став (3) од истиот закон.

Од наведените причини, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател,

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК:
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: С.С.М. – член на ДКСК